# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА АВГУСТ 2007 ГОДИНА

## 1. Зајакнување на институционалниот капацитет

Со цел за зајакнување на институционалниот капацитет на Царинската управа и обезбедување на оперативност во царинското работење, врз основа на постапка за вработување спроведена согласно интерните процедури и правилници, од август 2007 година во Царинската управа на Република Македонија вработени се нови 29 цpraински службеници.

Во текот на август 2007 година започна реализација на повеќе активности поврзани со реорганизација на царинската мрежа, преку редефинирање на пристапот на корисниците, посебно на шпедитерите до царинскиот информативен систем (ЦИС). Новиот дизајн на мрежата обезбедува побрз и посигурен трансфер на податоците од ЦИС.

На 30-ти август 2007 година Царинската управа на Република Македонија со “Nuctech Company Limited ”, Кина потпиша договор за набавка на четири мобилни рентген системи за контрола на возила со големи димензии и контејнери. Првиот мобилен рентген скенер се очекува да биде испорачан кон крајот на октомври оваа година. Набавката на овие системи за скенирање е од особено значење за натамошниот развој на Царинската управа на Република Македонија, бидејќи со нив се очекува да се постигне зголемена наплата на увозните давачки, заштита од шверц и увоз на недозволена стока, забрзување на протокот на стоки и поефикасна царинска постапка.

Во август 2007 година наплатени се вкупно 3.506 милиони денари (околу 57 милиони евра), од кои 475 милиони денари (околу 7,7 милиони евра) на име царина и други царински давачки, 2.955 милиони денари (околу 48 милиони евра) на име ДДВ и 76 милиони денари (околу 1,2 милиони евра) на име акцизи. Во споредба со истиот месец 2006 година, вкупно наплатените увозни давачки се поголеми за 20%.

## 2. Зајакнување на административниот капацитет

Во август 2007 година во Царинската управа на Република Македонија беа организирани следните обуки и предавања:

- Во соработка со КАФАО МАК Мисијата беше организирана обука за ефикасно водење на интервју, на која учесници беа тројца члена на комисија за вработување. Тие беа запознаени со постапката при вработување по јавен оглас и со обрасците кои се

користат во процедурите при селекција на кандидати. Обуката се одржа на 15.08.2007 година во Царинската управа.

- Во организација на Центарот за образование за интелектуална сопственост на предавањето во рамките на ТЕМПУС проектот „Кон ЕУ стандарди за авторско право и сродни права”, кое се одржа на 23.08.2007 година во Охрид, Царинската управа на Република Македонија зеде учество со еден претставник.

- Со цел запознавање со царинскиот софтвер кој ги исполнува стандардите на Европската унија, од 22 до 23.08.2007 година, делегација од Царинската управа на Република Македонија предводена од директорот престојуваше во Атина. Делегацијата имаше состанок со Бордот на директори на компанијата Inrasoft International, меѓународно призната компанија во областа на информатичката технологија во Република Грција, која го има изработено комплетниот софтвер на Царината на Република Грција. Истиот ден, делегацијата имаше средба со директорот на грчката царина г-дин Николаос Вернадакис, на која беа разменети мислења за мерките што се преземаат во областа на спречување на шверцот со камиони кои превезуваат акцизни стоки и беше истакната добрата досегашна соработка во областа на царинското работење помеѓу двете цариски управи.

- Покрај обуките за вработените, во јули и август Царинската управа организираше летна пракса за 23 студенти од Економскиот факултет во Скопје и 35 студенти од Факултетот за туризам и угостителство,царина и шпедиција од Охрид. Летната пракса им овозможи на учесниците запознавање со основите на царинското работење.

## 3. Интегритет и борба против корупција

Во август 2007 година Одделението за внатрешни истраги реализираше 9 истраги во организационите единици на Царинската управа. Внатрешните истраги се спроведени врз основа на различни сознанија и примени информации. За спроведените истраги се изработени 8 службени белешки и 1 службена информација[1].

Одделението за внатрешна ревизија изврши ревизија на регуларноста на евидентирањето на наплатата на дополнително пресметаниот царински долг, со која е констатиран 1 наод и дадени се 3 препораки.

Одделението за внатрешна инспекција изврши 2 инспекции во организационите единици на Царинската управа.

Во истиот период во Царинската управа поведени се дисциплински постапки против 9 царински службеници. За две поведени дисциплински постапки од претходниот

[1] Службени информации се изготвени кога по извршените внатрешни истраги постои основано сомнение дека царинските службеници работеле спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс. Службени белешки се изготвени кога по извршените внатрешни истраги не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

период, се донесени решенија за запирање и изречен е престанок на работен однос на еден царински службеник.

## 4. Транспарентност

Од вкупно добиените 6.219 повика или во просек 230 преку отворената царинска линија 197:

- 4 повика се А класа ( информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени активности.
- 5 повика се Б класа (информации кои барааат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска Управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка.
- 21 повик се Ј класа (информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници) .

До гранична полиција упатени се вкупно 58 барања (за асистенција, проверка за лица/возила за остварен влез или излез) и по однос на сите е добиен одговор.

## 5. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

На 14.08.2007 година при детална контрола на стока натоварена во товарно моторно возило пријавена за увозно царинење во ЦИ[2] Велес, царинските работници покрај пријавената стока, пронајдоа и непријавени 172 парчиња мебел од бамбус.

На 14.08.2007 година на граничниот премин Богородица (на македонско-грчка граница) на влез во Република Македонија при детална контрола на товарно моторно возило пријавено како празно, пронајдени се непријавени и сокриени 66 штеки (13.200 парчиња) цигари од марките MARLBORO и LM. Дел од цигарите, 6 штеки (1.200 парчиња) пронајдени се во кабината на возачот, а останатите 60 штеки (12.000 парчиња) цигари биле сокриени во приколката на возилото.

На 20.08.2007 година на терминалот на ЦИ Ќафасан (на македонско-албанска граница), царинските работници при детална контрола на товарно моторно возило кое се пријавило во транзитна постапка кон Косово, покрај пријавените 143 колети употребувана бела техника во товарниот дел од возилото пронајдоа и 59 парчиња непријавена бела техника (фрижидери, машини за миење садови, перални, сушални за алишта и плотни од шпорети).

На 20.08.2007 година на терминалот на ЦИ Тетово, при царинска контрола на товарно возило царинските работници од Одделението за оперативни работи (мобилни тимови), покрај пријавената стока, пронајдоа и непријавени 910 парчиња термометри од различен тип.

[2] Кратенка за организациона единица на Царинската управа на граничен премин или во внатрешноста.

Во овој период при спроведени царински контроли откриена е и привремено задржана непријавена стока и тоа**:** во Царинарница Гевгелија (на македонско-грчката граница) 810 каиши, 165 парчиња различни текстилни производи (женски фармерки, женски блузи, сукњи, тексас палта, панталони), 7.200 парчиња верски календари, 8.900 налепници за цени за декларации, 10 боци противпожарни апарати и 80 лустери; во ЦИ Деве Баир (на македонско-бугарската граница) 454 пара патики; во царинска испостава Блаце (на македонско-српската граница) 596 бургии за заби и 3 турбини за забарски машини.

На терминалот во ЦИ Ќафасан (македонско-албанската граница) царинските работници во повеќе наврати при детална контрола на стока во товарни моторни возила пријавени во транзитна постапка кон Косово, покрај пријавената стока, пронајдоа непријавена стока и тоа: 81 парче бела техника и други уреди за домаќинството (гарнитура за седење, фрижидери, видео рекордери, звучници, монитор за компјутер ЛЦД, електрична пумпа за вода, косилка за трева, клима уред, микробранови печки, црева за вода, скара, машини за миење садови, аспиратори, индустриска машина за перење алишта, кафемат, плотни за шпорет, телефон/факс), 31 автомобилски гуми, 1 менувач за автомобил, 17 камионски гуми, 5 бетонски шахти.

Мобилните тимови во август извршија детален преглед на 379 камиони, 43 автобуси, 512 автомобили или на вкупно 934 возила на граничните премини и во внатрешноста, при што се запленети разни стоки (цигари, алкохол, текстил, странски средства за плаќање, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки). Откриени се **9** царински повреди и истите се поднесени 6 прекршочни и 3 кривични пријави.

Во август 2007 година во 9 случаи на детален преглед на камиони натоварени со стоки од Турција, Дубаи и Кина запленети се 24.167 парчиња разни видови на стока која го повредува правото по однос на интелектуална сопственост.

На 27.08.2007 година во заедничка акција со полиција откриена е и запленета опојна дрога марихуана скриена во фабрички шуплини на возило. Запленети се 21 пакетчиња со вкупна тежина од 15,800 гр марихуана. Против возачот полицијата поднесе кривична пријава.

При редовни контроли на превозни средства, стока и патници царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави, во август 2007 година открија повеќе обиди за недозволен преносна стока, и притоа запленија:

- 216.360 парчиња цигари
- 44 литри акохолни пијалоци
- 162 парчиња облека
- 588 пара патики
- 720 парчиња лекови
- 2.924 парчиња козметика
- 192 парчиња автоделови
- 8 аудио фрекфентни електрични засилувачи
- 14 ДВД рекордери и ЦД плеери
- 2 плазма телевизори
- 1 фотокопир апарат
- 1 клавијатура
- 1.000 парчиња стерилни медицински ракавици и 250 парчиња стерилни маски за лице запленети на царинската испостава Дојран (на македонско-грчката граница)

- 120 парчиња електрични пегли за коса, 200 парчиња електрични фигара за коса , 640 парчиња витлери, 240 парчиња спреј против комарци
- 758 парчиња рачен алат, различни направи и делови на ЦИ Дојран, на македонско-грчката граница
- 48кг масло за компресор,10 кг прибор за бакарни цевки, 3 кг бакарна жица за завеса, 109 парчиња сунѓерести црева, 1.000 парчиња метални држачи, 4 парчиња филтер за воздух и 1 за црева, 4 манометри, 4 пресостати, 1 резервоар за компресор на ци Кавадарци.

При спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права на интелектуална сопственост во август 2007 година се откриени 34 случаи на обиди за повреда на право од интелектуална сопственост, со следната структура на фалсификувани производи:

- 12.000 парчиња CD и CD-DVD со лого на трговската марка PINCO
- 9.295 парчиња (чорапи, блузи, спортски маици, патики, дресови, детски тренерки, тренерки, горни тренерки) со лого на трговската марка ADIDAS
- 5.602 парчиња (комплет тренерки, чорапи, блузи, спортски ранци, дрес, патики) со лого на трговската марка NIKE
- 4.887 парчиња (машки ремени, маици, кошули, фармерки, долен веш, јакни, блузи, тоалетна вода) со лого на трговската марка D&G
- 4.726 парчиња (дресови, спортски ранци, блузи, долен дел тренерки, комплет тренерки, маици, патики) со лого на трговската марка PUMA
- 1.755 парчиња (батерри и маски за мобилни телефони) со лого на трговската марка NOKIA
- 1.498 парчиња (тоалетна вода, машки ремени, долен веш, кошули, парфеми) со лого на трговската марка HUGO BOSS
- 1.424 парчиња (долен веш, маици) со лого на трговската марка ARMANI
- 1.336 парчиња (полначи и маски за мобилни телефони) со лого на трговската марка SONY ERICSSON
- 1.224 парчиња (кармини, креми за сончање) со лого на трговската марка L'ÓREAL
- 1.203 парчиња (долен веш, фармерки, маици, јакни, патики) со лого на трговската марка DIESEL
- 997 парчиња (маици, фармерки, блузи) со лого на трговската марка LACOSTE
- 514 парчиња (кошули, машки ремени, фармерки) со лого на трговската марка VERSACE
- 511 парчиња (маици, патики) со лого на трговската марка CONVERSE
- 491 парче (фармерки, долен веш) со лого на трговската марка TOMMY HILFIGER
- 487 парчиња (долен веш, кошули, маици, комплет тренерки) со лого на трговската марка EMPORIO ARMANI
- 462 парчиња тоалетна вода со лого на трговската марка CHANEL
- 384 парчиња парфеми со лого на трговската марка JOOP
- 377 парчиња (SONY PLAYSTATION, joy stick, CDсо игри за play station) со лого на трговската марка SONY PlayStation
- 288 парчиња тоалетна вода со лого на трговската марка KENZO
- 89 пара фармерки со лого на трговската марка ARMANI JEANS
- 40 пара долен веш со лого на трговската марка GUCCI
- 20 парчиња дресови со лого на трговската марка UMBRO
- 5 парчиња маици со лого на трговската марка REEBOK
- 23 ролни или 855,90 кг со лого на трговската марка MARLBORO

Во  август .2007 година прифатени се 9 нови барања за превземање на царински дејства според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост од кои 8 барања за превземање на царински дејствија кои се однесуваат на трговска марка и тоа “PC PLAY STATION” “PlayStation”, RED BULL, NESTLE, KAPPA, AVEBE, SMART EXPORT и SMART, MILDE SORTE FILTER и MILDE SORTE, RONSON и 1 барање за превземање на царински дејствија кое се однесува на трговски дизајн и тоа за профили.

На 14.08.2007 година на Криволак се изврши уништување на 1.494 парчиња бензини за запалки ZIPPO, кои по завршување на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост  се потврди дека се  фалсификат и претставуваат повреда на право од интелектиуална сопственост. Предметната стока во текот на април и  мај 2007 година беше пријавена  во  два случаи за увоз и транзит низ Република Македонија во царинските испостави Деве Баир и Куманово. Со оглед  на фактот  дека се работи за запалива стока, истата беше уништена  на Криволак според пропишана процедура во соработка со Дирекцијата за заштита и  спасување.

Во  август извршени се вкупно 16 контроли на трговски друштва, а за утврдените неправилности изготвени се вкупно 41 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 8.763.570,00 денари(околу 143.665 евра).

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, изготвени се 74 записници за сторен царински прекршок, а од МВР се примени 44 пријави за царински прекршок. Врз основа на записниците и пријавите во текот на месец август поднесени се 118 барања за поведување на прекршочна постапка. Поднесени се 9 пријави за покренување за кривична постапка, против 10 физички лица и 2 правни лица.

## 6. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

Во делот на активностите за имплементација на систем за размена на податоци со соседните земји преку размена на електронски пораки, во почетокот на август се постигна договор со претставници на царинската служба на УНМИК од Косово, за начинот и видот на податоците кои ќе се разменуваат. Беше дефиниран моделот и форматот на пораките кои ќе се разменуваат, како и податоците на кои се дел од т.н. Царински Информативен Лист (ЦИЛ).

Во рамките на активностите за реализација на Проектот за воведување на едношалтерски систем и контрола при единствено застанување во Република Македонија (ЕСКЕЗ), работната група го изработи Елаборатот за имплементација на ЕСКЕЗ. Истиот е усвоен од Националната комисија за Интегрирано гранично управување, и истиот е доставен на усвојување од Владата на Република Македонија.

Во врска со  користењето на средства од Програмата на ЕУ - ИПА 2008, а со цел за имплементација на Проектот за царински реформи, Европската агенција за реконструкција распиша меѓународен тендер за техничка помош за подготовка на Работни задачи (ToR) за ангажирање на експерти за имплементација на компонентите од Проектното фише. Кон крајот на месец август во Скопје пристигна тим од консултанти избрани на меѓународниот тендер во чија евалуација учествуваше и Царинската управа со свој претставник.

Откако Владата на Република Македонија во јули 2007 година ја усвои Иницијативата за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка помеѓу Европската економска заедница и ЕФТА државите од 20 мај 1987 година и Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговијата со стока од 20 мај 1987 година, започнаа подготовките за пристапување кон истите. Поради фактот што за вклучување на Република Македонија во заедничката транзитна постапка на ЕУ и ЕФТА државите (NCTS), потребно е да се исполнат повеќе услови од технички и организационен карактер, во Царинската управа е формирана работна група.